Република Северна Македонија

Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка

Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка
Бр. 04-67/13
31.5 20 19 год.

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), Претседателот на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка донесе:

# ОДЛУКА
## за избор на кандидати за унапредување по интерниот оглас бр.01/2019

1.По спроведената постапка за унапредување во Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка по интерниот оглас за унапредување на административни службеници бр.01/2019 објавен на ден 07.02.2019 година, на веб страната на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и веб страната на Агенција за администрација, се врши избор на следните кандидати:

1.За работното место-Советник за прекршоци од областа на трудот, социјалната политика и здравството, **се избира кандидатот Анита Куневска**;
2.За работното место-Советник за прекршоци од областа на економијата и финансиите **се избира кандидатот Тања Ѓурчиновска**;
3.За работното место-Советник за вработување и мобилност, **се избира кандидатот Милена Стаменковиќ**;

2. Изборот на кандидатите е извршен врз основа на Финална-ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат на Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение бр.04-67/10 од 21.05.2019 година.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, по добиеното Известување за обезбедени финансиски средства Бр.18-705/2 и 18-1791/2 од 01.02.2019 година, од Министерството за финансии објави интерен оглас за унапредување на административни службеници бр.01/2019 на ден 07.02.2019 година на веб страната на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и веб страната на Агенција за администрација

На објавениот интерен оглас бр.01/2019 за унапредување на административни службеници на три работни места и тоа: Советник за прекршоци

од областа на трудот, социјалната политика и здравството–1 извршител Советник за прекршоци од областа на економијата и финансиите-1 извршител и Советник за вработување и мобилност-1 извршител, се пријавиле вкупно 3 кандидати.

На ден 29.05.2019 година Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр.04-67/10 од 21.05.2019 година, спроведе административна селекција, односно изврши увид во доставените пријави и приложените докази на пријавените кандидати и изготви Записник од административна селекција Бр.04-67/11 од 29.05.2019 година со прилог Список на уредни и неуредни кандидати и Ранг листа на кандидати кои продолжуваат на интервју.

На ден 29.05.2019 година, Комисија за селекција за унапредување спроведе интервју со кандидатите и состави Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спорведување на интервју Бр.04-67/12 од 29.05.2019 година, со прилог Список на кандидати со кои е спроведено интервјуто со освоени бодови од интервјуто и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

По спроведената целокупна постапка согласно Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување до претседателот на Државната комисија достави Записник од административна селекција Бр.04-67/11 од 29.05.2019 година со прилог Список на уредни и неуредни кандидати и Ранг листа на кандидати кои продолжуваат на интервју и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спорведување на интервју Бр.04-67/12 од 29.05.2019 година година, со прилог Список на кандидати со кои е спроведено интервјуто со освоени бодови од интервјуто и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

Врз основа на наведеното, претседателот на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација–Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА,**
**Елизабета Русеска**

ДОСТАВЕНО ДО:

-кандидатите;

-архивата на Државната комисија